Универзитет „Свети Кирил и Методиј“
**МАШИНСКИ ФАКУЛТЕТ – Скопје**

## ПОСЕТА

На ден 4.10.2006 г. висока делегација од Johnson Controls предводена од г-дин Џон Барт го посети МФС и оствари средба со Ректорот на УКиМ, деканите на МФС и ФЕИТ и стипендисти од програмата "Сина соба".



При посетата тие се запознаа со работењето на МФС и со активностите околу стипендистите.

## ПРЕЗЕНТАЦИЈА НА ПРОЕКТ

На ден 16.10.2006 г. на МФС се одржа презентација на проектот со кој е формиран Центар за развој на нови бизниси при УКиМ. Презентацијата меѓу другото имаше цел да ги привлече вработените од УКиМ во обука за зајакнување на претприемачки вештини.

## АКТИВНОСТИ

Активностите на проектот ЦИРКОМЕС се претставени во newspaper No. 69 на SPICE Group (Science Park & Innovation Center Expert Group).

## МФС НА САЕМ

Од 18 до 20.10.2006 год. во Нирнберг, Германија се одржа XXVI меѓународен саем за ладилна техника и климатизација IKK' 2006. МФС учествуваше со свој штанд на кој беа презентирани компјутерски програми од соодветната област. Инаку, МФС редовно учествува на саемот почнувајќи од 1994 год.

Компјутерските програми се наменети за едукација, инженерска практика, истражување, имаат универзална примена. Исто така, беа презентирани книгите "Refrigeration - Solved Examples" и "Kältetechnik: gelöste Beispiele" чии автор е Р. Цицонков.

Штандот на МФС беше масовно посетен, беа поделени над 800 печатени информации. Покрај тоа, на инсталираните компјутери на штандот беа направени над 130 демонстрации на многу заинтересирани посетители кои на самото место имаа можност да го видат функционирањето на програмите.

Голем успех претставува фактот што повеќе фирми од западна Европа и од светот ги користат нашите компјутерски програми и книги, а тоа е голема сатисфакција во нашата работа.

## ИНТЕРВЈУ

Престижниот веб портал од областа на ладење, греење и климатизација, **www.refrige.com** објави интервју со проф.д-р Ристо Цицонков.

## ЈУБИЛЕЈНА КОНФЕРЕНЦИЈА

Од 19 до 20.10.2006 год. во организација на катедрата за Механизација на МФ од Белград беше одржана јубилејна Меѓународна конференција "Material Handling Construction and Logistics" и тоа по повод 100 години од формирањето на Катедрата за кранови и 110 години од формирањето на Катедрата за градежни и рударски машини.

Како член на Научниот совет на Конференцијата, проф. д-р Јанко Јанчевски ја отвори најстарата сесија (за Градежни и рударски машини) со својот Key Note Paper: "Principles of interactive software for complex working mechanisms". Доц. д-р Виктор Стојмановски настапи со својот труд "Failure analysis of vertical storage tank and lessons learned".

## ПОТСЕТУВАЊЕ

Рокот за доставување на трудови за бројот 25/1 на списанието Машинско Инженерство - Научно Списание (поранешниот Зборник на трудови на МФС) е до 31.10.2006 г.

## МАГИСТЕРСКИ СТУДИИ

Дипл. маш. инж. Даме Димитровски успешно ја одбрани својата магистерска теза на ден 07.10.2006.

***Искрени честитки и желби за понатамошно напредување во кариерата!***

## ЕКСКУРЗИЈА ЗА ВРАБОТЕНИ

МФС заедно со комшиите ФЕИТ (кратенка од новото име на ЕТФ) и ТМФ организираше "теренска настава" за вработените. На ден 11.10.2006 г. се организира посета на црквата "Св. Никола", галеријата на икони и музејот во Куманово. Потоа се посети прекрасниот манастирот "Св. Ѓорѓи".

По доручекот "од нога", се замина кон комплексот Пелинце.



Посетите завршија со разгледување на мегалитската опсерваторија Кокино која датира од 1500-та година п.н.е. по што следеше и свечен ручек.

Убавото време и добрата организација придонесоа да екскурзијата помине во одлично расположение.

Очекуваме уште вакви екскурзии кои ќе бидат со уште поголема посетеноста од страна на вработените.

## О Т С У С Т В А

Во тек на 9 и 10 месец службени патувања во странство заради студиски или стручен престој оствариja:

1. Доц. д-р Дарко Данев во Франција и Германија.
2. Проф. д-р Зоран Пандилов во Прага, Чешка Република.
3. Доц. д-р Игор Ѓурков во Загреб, Хрватска и Штудгард, Германија.
4. Проф. д-р Александар Мојсовски во Франкфурт, Германија.
5. Проф. д-р Славе Арменски во Лондон, Велика Британија.
6. Проф. д-р Јанко Јанчевски во Белград, Србија.
7. Доц. д-р Виктор Стојмановски во Белград, Србија.
8. Проф. д-р Драги Данев во Минхен и Дармштат, Германија.
9. Проф. д-р Марко Серафимов во Софија, Бугарија и Белград, Србија.
10. Доц. д-р Јасмина Чалоска во Белград, Србија.
11. Доц. д-р Атанас Кочов во Котор, ЦГ.
12. Доц. д-р Виктор Гаврилоски, Доц. д-р Златко Петрески, Проф. д-р Иван Мицкоски, Проф. д-р Зоран Пандилов, Асс. м-р Кристијан Мицкоски во Ниш, Србија.
13. Проф. д-р Константин Димитров во Рига, Литва.

## КАЛЕНДАР И ПОТСЕТНИК

**26.10.2006**
**23 СЕДНИЦА НА ННС**

**30.11.2006**
**24 СЕДНИЦА НА ННС**

**СЕДНИЦА НА УПРАВА ВО ВТОРНИЦИТЕ ПРЕД ННС ПО ПОТРЕБА**

**Техничко уредување:**
*Тони Манџуковски, дипл. ел. инж.*
*Борис Рошков, дипл. ел. инж.*

**Година 2006, октомври, број 54**

# ФАКУЛТЕТСКИ ИНФОРМАТОР

## ПРВ СВЕЧЕН ЧАС

На ден 2.10.2006 год. во Амфитеатарот на МФС се одржа првиот свечен час. На свеченоста учествуваа Ректорот на УКиМ, проф. д-р Ѓорѓи Мартиновски, заменик министерот за образование и наука, проф. д-р Јован Лазарев и амбасадор на САД во Р. Македонија, г-ѓа Цилијан Миловановиќ.



Бруцошите ги поздрави Деканот и им посака успешни студентски денови.

На свеченоста беа наградени студентите кои ја завршиле I и II година со најдобар успех. Свечениот час беше соодветно медиумски покриен со присуство на новинарски и ТВ екипи.